# *ПЛАТА ЗА МЕСЕЦ ЈУНИ 2023-ТА ГОДИНА*

| ***Основици за пресметка на даноци и придонеси*** | |
|---|---|
| 1. Просечна исплатена бруто плата за 2023 | 49.397,00 |
| 2. Најниска основица за даноци и придонеси за 2023 (49.397,00 x 50%) | 24.699,00 |
| 3. Највисока основица за даноци и придонеси за 2023 (16 x 49.397,00) | 790.352,00 |
| 4. Минимална плата во РМ за Јуни/2023 година (**во нето износ**) | 20.175,00 |
| 5. Минимална плата во РМ за Јуни/2023 година (**во бруто износ**) | 29.739,00 |
| **6. Даночно намалување за 2023 година** | **9.038,00** |
| 7. Просечна исплатена **месечна нето плата** исплатена во РМ за 2022 година | 31.859,00 |
| 8. Просечна исплатена **месечна бруто плата** исплатена во РМ за 2022 година | 47.637,00 |
| 9. Дневница за службено патување во земјата од 20.06.2023 година | 2.794,00 |

## *1. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА*

| |
|---|
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на самостојна економска дејност (таксисти, занаетчии)*** <br> ***24.699,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА* – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (*адвокати, нотари, извршители)*** <br> ***49.397,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители) до истекот на првата година на отпочнување на дејност:*** <br> ***24.699,00 денари.*** |

## *2. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *2.1. Највисока основица за вработени лица*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати,*** кој износ ***за 2023 година***, изнесува:

| |
|---|
| ***790.352,00 денари (16 x 49.397,00 денари).*** |

### *2.2. Највисока основица за самовработени лица*

| |
|---|
| ***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од *(12) дванаесет просечни плати.*<br><br>***592.764,00 денари (12 x 49.397,00 денари)*** |

### *2.3. Највисока основица за вработени лица за извршен член на одбор на директори, Член на управен одбор, односно управител во трговско друштво*

| |
|---|
| ***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата ***на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво,*** односно ***управител во трговско друштво***, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати, кој **за 2023 година**, изнесува.<br><br>***790.352,00 денари (16 x 49.397,00 денари*** |

***2.4. Највисока основица за лице корисник на паричен надоместок, за време на привремена невработеност***

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност, ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

***39.518,00 денари (49.397,00 денари х 80%).***

***НАПОМЕНА: На износот, повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, додека на разликата над највисоката основица се пресметува Данок на личн доход.***

### *3. МИНИМАЛНА ПЛАТА*

Согласно Законот за минималната плата во РМ (“Службен весник на РМ” 11/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 239/19; 41/22), висината на минималната плата во Република Македонија:

| Р.бр | Период на важност | Нето | Бруто | Сл. Весник на РСМ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 01.01.2020 – 31.03.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 239/2019 Закон |
| 2. | 01.04.2020 – 30.06.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 88/2020 Уредба |
| 2. | 01.07.2020 – 31.03.2021 | 14.934,00 | 21.776,00 | 75/2020 Објава |
| 3. | 01.04.2021 – 31.03.2022 | 15.194,00 | 22.146,00 | 80/2021 Објава |
| 4. | 01.03.2022 – 28.02.2023 | 18.000,00 | 26.422,00 | 41/2022 Закон |
| 5. | 01.03.2023 - 28.02.2024 | 20.175,00 | 29.739,00 | 58/2023 Објава |

## *4. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

### *4.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход*
*(од 01.01.2023 до 31.12.2023 година)*

Согласно член 11 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018; 275/19; 290/20, 85/21, 274/22) дано-кот на личен доход за доход од работа, се плаќа со при-мена на две даночни стапки согласно даночната основа и тоа:

- ***Пропишана стапка во износ од 10% или***
- ***Пресметана стапка од 11,1111%.***

### *4.2. Даночно намалување*

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2023*** година, на ме-сечно и годишно ниво, изнесува:

| *Период* | *2023 годинс* |
|---|---|
| ***Месечно*** | ***9.038,00*** |
| ***Годишно*** | ***108.456,00 (9.038 x 12)*** |

## *5. СТАПКА НА ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ –ИНФЛАЦИЈА- И ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ*

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на пла-тите во Република Македонија („Службен весник на РМ" 70/94; 62/95; 33/97; 50/01; 26/02; 46/02; 37/05; 121/007; 161/08; 92/09; 97/10; 11/12; 26/13; 170/13; 139/14; 147/15, 202/19) ***Министерс-твото за труд и социјална политика, објавува:***

1. Стапката на трошоците за живот за месец ***МАЈ/2023*** година во однос на месец ***АПРИЛ/2023*** , според податоците на ДЗС бр. 4.1.23.50 од 07.06.2023 година, изнесува***: (0,4%).***

2. Исплатата на платите за месец ***МАЈ/2023*** во однос на месец ***АПРИЛ/2023*** *година*, изнесува: ***(0,20%).***

***6. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ***

Работните часови за месец ***ЈУНИ/2023*** година, изнесуваат:

***176 часа.***

***7. ПРОСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ЗА 2023 година***

***7.1. Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за месец (IV/2023), а се однесува за месец ЈУНИ/2023 година, изнесува:***

| |
|---|
| ***54.177,00 денари,*** |

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.23.56 од 20.06.2023).***

***7.2. Просечна исплатена месечна БРУТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (II-III-IV/2023 година),*** а се однесува месец ***ЈУНИ/2023 година изнесува:***

| |
|---|
| ***52.325,00 денари,*** |

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.23.56 од 20.06.2023).***

***8. ПРОСЕЧНА НЕТО ПЛАТА ЗА 2023 година***

***8.1. Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за месец (IV/2023), а се однесува за месец ЈУНИ/2023 година, изнесува:***

| |
|---|
| ***36.134,00 денари,*** |

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.23.55 од 20.06.2023).***

***8.2. Просечна исплатена месечна НЕТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (II-III-IV/2023 година),*** а се однесува месец ***ЈУНИ/2023 година изнесува:***

| |
|---|
| ***34.925,00 денари,*** |

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.23.55 од 20.06.2023).***

***9. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА***

***9.1. Надоместоци од плата за ОПШТЕСТВЕНИ И МЕШОВИТИ правни лица со повеќе од 49% општествен капитал***

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец ***(IV/2023), а се однесува за месец ЈУНИ/2023 година*** изнесува:

| |
|---|
| ***36.134,00 денари,*** |

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно ***ОСНОВИЦАТА од 36.134,00 денари:***

***За ОПШТЕСТВЕНИ правни лица***

| **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР** |
|---|
| ***21.680,00 денари***<br>**(60% од основицата )** *(36.134,00 x 60%)*<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход 11,1111%*** |
| **ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА** |
| ***72.268,00 денари***<br>**(двократен износ од основицата)** *(2 x 36.134,00)*<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 72.268,00 денари*** |
| **ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО** |
| ***21.680,00 денари***<br>***(60% од основицата) (36.134 x 60%)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 21.680,00 денари.*** |

***9.2. Надоместоци од плата за ПРИВАТЕН СЕКТОР***

Просечна исплатена месечна ***НЕТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(II-III-IV/2023 година),*** а се однесува за месец ***ЈУНИ/2023 година, изнесува:***

| |
|---|
| ***34.925,00 денари*** |

Износот ***34.925,00 денари,*** претставува ***ОСНОВИЦА*** за пресметување на следните надоместоци **за *ПРИВАТНИ прав-ни лица:***

| ***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР*** |
|---|
| ***НАЈНИЗОК*** износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец ***ЈУНИ/2023 година***, се исплатува во висина ***од најмалку 40% од основицата***, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година, кај ист работодавач и **изнесува:**<br>***13.970,00 денари во НЕТО износ***<br>***(34.925,00 x 40%)*** |
| Согласно колективен договор на ниво на дејност или КД на ниво на работодавач може да се утврди регрес во поголем износ од износот согласно ОКДПСОС.<br><br>***ДАНОЧНО ПРИЗНАТ РАСХОД ВО ДАНОЧЕН БИЛАНС***<br>***43.342,00 денари***<br>***(54.177,00 x 80%)***<br>***(80% од просечна месечна БРУТО плата по работник во РМ објавена до денот на исплатата)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |
| ***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА*** |
| ***69.850,00 денари***<br>***(двократен износ од основицата (2 x 34.925)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 69.850,00 денари*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА*** |
| ***34.925,00 денари***<br>***(во висина на основицата), за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец***<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход 11,1111%*** |
| ***ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*** |
| ***20.955,00 денари***<br>**60% од основицата – (60% од *34.925,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 20.955,00 денари.*** |

***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА***

***2.794,00 денари***

**8% од основицата (8% од *34.925,00)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 2.794,00 денари.***

***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО***

- ***50% од утврдената дневница***, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;
- ***20% од утврдената дневница,*** ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и
- ***5% од утврдената дневница,*** ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организиарани во странство на мултилатерална и билатерална основа.

***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК***

***104.775,00 денари***

***во висина од ТРИ основици (3 х 34.925,00)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 104.775,00 денари.***

***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО***

***69.850,00 денари***

***во висина од ДВЕ основици (2 х 34.925,00 денари)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 69.850,00 денари.***

***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ***

***34.925,00 денари***

***(во висина на основицата)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 34.925,00 денари.***

***КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕНО ВОЗИЛО ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ***

(**во висина до 30%** од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар).

***Ослободено од Данок на личен доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно.***

| НАДОМЕСТ ПРИ СЕЛИДБА НА ВРАБОТЕН ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА РАБОТОДАВАЧОТ |
|---|
| *(во висина на стварни трошоци)*<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |
| **ТРОШОК ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИСХРАНА ЗА ЈУНИ/2023** |
| ***6.372,00 денари***<br>**(**во висина од *20% од* просечна нето плата, исплатена во претходната 2022 година *(31.859,00 x 20%)*<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход НАД 6.372,00 денари.*** |
| **НЕПРЕКИНАТО БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ** |
| ***(поради повреда на работа и професионално заболување)***<br>***34.925,00 денари;***<br>Во висина од една просечна месечна нето плата исплатена по работник во РСМ за последните три месеци<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |

### *10. НАЈВИСОК ИЗНОС НА НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ што го исплатува Фондот за здравствено осигурување*

Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на РМ” 25/00...77/21), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2023 година, изнесува ***ЧЕТИРИ просечни месечни нето плати*** исплатени во РМ во претходната 2022 година **изнесува:**

***127.436,00 денари.*** ***(4 x 31.859,00 денари)***

### *11. НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА за 2023 ГОДИНА*

Највисокиот износ на пензија, според статистичките податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2023 година, изнесува:

***69.803,00 денари.***

### *12. РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА*
### *за уплатени придонеси за ИНВАЛИДНИ ЛИЦА*

Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност како трговци-поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице, МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за ***месец ЈУНИ 2023 година*** изнесува **(*2 x 34.925 денари*)**

***69.850,00 денари.***

### *13. МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК*
### *на членови на Органи на управување*

Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за данок на добивка ("Службен весник на РМ" 25/00...151/21), ***МЕСЕЧНИОТ*** надоместок на членовите на органи на управување се исплатува во ***висина од 50%*** од ***Просечната Бруто плата, исплатена во претходната 2022 година во РСМ во висина од:***

***23.819,00 денари (50% од 47.637,00 денари)***.

### *14. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ*
### *ПРИВАТЕН сектор*

Согласно член 31 од Општиот колективен договор за приватен сектор од обласа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 115/14 пт; 119/15; 150/16), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** – *која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| **Времетраење на боледување** | **Право на надомест** |
|---|---|
| **До 15 дена** | **70% од основицата** |
| **Над 15 дена, почнувајќи од првиот ден на боледувањето, за сите денови** | **90% од основицата** |

| | |
|---|---|
| **Над 30 дена, кога боледувањето го плаќа работодавачот** | **90% од основицата** |

***ОСНОВИЦА*** просечен месечен износ на исплатена плата ***на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

### *15. ИСПРАТНИНА ПРИ ТЕХНОЛОШКИ ВИШОК*

1. Согласно член 97 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05...27/16; 120/18; 110/19; 267/20; 151/21; 288/21), во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (*технолошки вишок),* работодавачот е должен на работникот да му исплати ***испратнина*** *во следните случаи:*

| ***Години поминати во работен однос*** | ***Висина на плата*** |
|---|---|
| **До 5 години** | **Една плата** |
| **Од 5 до 10 години** | **Две и пол плати** |
| **Од 10 до 15 години** | **Три и пол плати** |
| **Од 15 до 20 години** | **Четири и пол плати** |
| **Од 20 до 25 години** | **Шест плати** |
| **Над 25 години** | **Седум плати** |

| ***Испратнина за 2023*** | ***Просечна Нето плата по работник во претходниот месец*** | ***Најнизок износ на испратнина*** |
|---|---|---|
| **1** | **2** | **3 (2x50%)** |
| ***ЈАНУАРИ/2023*** | ***33.104,00*** | ***16.552,00*** |
| ***ФЕВРУАРИ/2023*** | ***33.011,00*** | ***16.506,00*** |
| ***МАРТ/2023*** | ***34.364,00*** | ***17.182,00*** |
| ***АПРИЛ/2023*** | ***33.943,00*** | ***16.972,00*** |
| ***МАЈ/2023*** | ***33.720,00*** | ***16.860,00*** |
| ***ЈУНИ/2023*** | ***34.925,00*** | ***17.463,00*** |

**НАПОМЕНА 1:** Просечната нето плата на работникот во последните шест месеци пред отказот и истата ***да не биде помала од 50%*** од просечната нето плата исплатена по работник во РМ, во последниот месец пред отказот.

**НАПОМЕНА 2**: ***Работен однос, се смета*** времето поминато во работен однос ***кај ист работодавач и работниот однос кај претходниот работодавач,*** на кој поради настанатата статусна промена, правен следбеник е последниот работодавач.

**НАПОМЕНА 3**: Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

**НАПОМЕНА 4**: Не се пресметува и плаќа Данок на личен доход.

### *16. НАДОМЕСТОК ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА*

Согласно член 8 од Законот за Практиканство (Службен весник на РС Македонија, 98/19, 103/21), практикантот за време на практиканската работа кај работодавачот ***има право на МЕСЕЧЕН надоместок кој се исплаќа од страна на работодавачот.***

Висината на месечниот надоместок ***се утврдува во НЕТО износ за полно работно време*** во зависност од времетраењето на периодот на практикантската работа и тоа:

- *** Од 42% до 74% од *МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА,* *за практикантска работа ДО ТРИ месеци*; и**
- *** Во висина *на МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА утврдена согласно со* Закон*, за практикантска работа НАД ТРИ* месеци**, сметано **од четвртиот месец**.

**Минимална НЕТО плата *20.175,00 денари*.**

**Се пресметува и плаќа:**

- ***Придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест од 4% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.***
- ***Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување од 0,5% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.***
- ***Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

## *17. НАДОМЕСТОК ЗА ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ*

Согласно член 12 став 1 точка 14 од Законот за данок на личен доход, данокот на доход, **не се плаќа за:**

***Надоместокот за практична обука на ученици и студенти,во висина до 8.000 денари месечно:***

***Во случај на исплата на надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на студенти, над 8.000 денари се пресметува и плаќа Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

Согласно член 8 став 1 точка 1 од Законот за придонеси***, учениците и студентите се обврзници за плаќање придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест за време на практична обука од 4%, а обврската за пресметка и уплата на придонесот паѓа на товар на установата од областа на образованието.***

## *18. ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа........................................... 35%***
- ***Работа ноќе............................................................ 35%***
- ***Работа во три смени ............................................. 5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор..........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа **зголемена за 50%.** Додатоците меѓусебно **не се исклучуваат**.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време, во смени.

***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот, се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж.**

***19. НАДОМЕСТ ОД ПЛАТА ЗА ЈАВЕН СЕКТОР***

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2023 година ("Службен весник на РМ" 282/22), на буџетските корисници им се исплатуваат следните надоместоци:

| |
|---|
| ***НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*** <br> ***10.478,00 денари*** <br> ***(30% од просечна Месечна Нето плата,*** исплатена во РМ во претходни три месеци) ***(30% х 34.925,00)*** <br> ***(Ослободен од Данок на личен доход до 10.478,00 денари);*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК*** <br> ***72.268,00 денари*** <br> ***(двократен износ на просечна месечна нето плата по работник во Републиката објавена на денот на исплатата)*** <br> ***(2 х 36.134,00)*** <br> ***(Ослободен од Данок на личен доход до 72.268,00 денари);*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО*** <br> ***36.134,00 денари*** <br> ***(во висина на просечна месечна нето плата по работник во Републиката објавена на денот на исплатата)*** <br> ***(Ослободен од Данок на личен доход до 36.134,00 денари);*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА*** <br> ***НЕ Е ПРОПИШАНА*** <br> (***за најмалку 10 години работа кај ист работодавач)*** <br> (***Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2023 година).*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА*** <br> ***НЕ СЕ ПРОПИШАНИ.*** <br> ***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2023 година од 01.01.2023 година)*** |
| ***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ*** <br> ***НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА*** <br> ***72.268,00 денари*** <br> ***(2 х 36.134,00)*** <br> ***(двократен износ од просечна Месечна Нето плата, по работник исплатена во РМ до денот на исплата*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 72.268,00 денари.*** |

| |
|---|
| ***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР*** |
| ***(Согласно член 21 од Гранскиот Колективен договор за Органи на државна управа, Стручни служби на Влада на РМ, Судовите, Јавните обинителства, Казнено-поправните и воспитно поправните установи, Државно правобранителство, општините, градот и општините на градот Скопје Агенциите, Фондовите и други органи основани од Собранието на РМ ("Службен весник на РМ" 51/20, 172/21),*** вработениот **има право** на регрес за годишен одмор, во висина **од најмалку:** <br><br> ***9.000,00 денари НЕТО,*** <br><br> под услов вработениот ***да работел најмалку шест (6) месеци, во календарската година кај работодавачот.*** |
| ***НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК НЕ Е ПРОПИШАН).*** <br> ***(Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ за 2023 година,*** |
| ***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ*** <br> Согласно член 14 од Законот за Извршување на Буџетот за 2023 година, во висина од **една просечна месечна нето плата** *(во Органот каде што е вработен).* <br> ***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%).*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА СЕЛИДБА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РАБОТОДАВАЧОТ*** <br> ***(во висина на стварни направени трошоци).*** <br> ***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%).*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА ХРАНА И ПРЕВОЗ ЗА ЛИЦА ВОЛОНТЕРИ ЗА ЈУНИ//2023*** <br> ***7.146,00 денари*** <br> ***(47.637,00 x 15%)*** <br> ***(во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во 2022 година***): <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 7.146,00 денари.*** |

| |
|---|
| ***ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ за 2023 година изнесува: 81,60 денари***<br>Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници ***(“Службен весник на РМ” 293/2021).*** |
| ***Просечна месечна БРУТО плата исплатена по вработен за Шифра 84-Јавна управа и одбрана за ЈАВЕН СЕКТОР - (за задолжително социјално осигурување)* за IV/2023 година, *се однесува за месец ЈУНИ/2023 година изнесува:***<br>***27.975,00 денари (50% од 55.949,00)*** |

***19.1. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ за ЈАВЕН сектор***

Согласно член 20 од Општиот колективен договор за јавен сектор на РС Македонија, работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| **До 7 дена**<br>**До 15 дена**<br>**Од 15 до 21 ден** | **70% од основицата**<br>**80% од основицата**<br>**90% од основицата** |
| **за професионално заболување и повреда на работа, давање крв, бременост и раѓање** | **100% од основицата** |

***ОСНОВИЦА: Просечна исплатена нето плата на работникот во последните 3 месеци.***

***19.2. Додатоци на плата ЈАВЕН СЕКТОР***

Согласно член 17 од Општиот Колективен договор за **јавен сектор** на РМ („Службен весник на РМ” 10/08; 88/08; 122/08; 85/09), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа.............................................29%***
- ***Работа ноќе..............................................................29%***
- ***Работа во три смени ................................................4%***
- ***Работа во ден на неделен одмор..........................29%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа ***зголемена за 42%.***

***Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.***

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

**Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.**